**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-93/36
Датум: 21.1.2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во состав на Универзитетот *„Св. Кирил и Методиј"* во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 23.1.2019 година донесе

# ОДЛУКА
за востановување на Златна диплома

1. На Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) се востановува плакета со име *Златна диплома*.

2. *Златната диплома* се доделува на студенти од Факултетот кои дипломирале пред 50 години.

3. Наставно-научниот совет донесува одлука за лицата кои ќе добијат златна диплома во тековната година.

4. *Златната диплома* се доделува на свечена седница на наставно-научниот совет организирана по повод Денот на Факултетот, 19 јуни.

5. Изгледот на *Златната диплома* го утврдува работна група формирана од Наставно-научниот совет на Факултетот.

6. За добитниците на златните дипломи се води посебна книга во која се потпишуваат при врачувањето на истата.

7. Одлуката да се достави до: ННС, Службата за студентски прашања, веб страницата, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија СКОПЈЕ